Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 29 и 30 став 1, а во врска со член 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/2024 и 132/2025) и член 17 од Статутот на Јавна Општинска Установа Дом на култура „Македонија“ Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија распишува:

# ЈАВЕН КОНКУРС
## за избор на директор на Јавна Општинска Установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Кандидатите за директор на установата треба да ги исполнуваат следните услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование утврдено со статутот на установата (општествени дејности);

4) има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;

5) да има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (KET) (Cambridge English) положен, АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или да има сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, освен за наставниците кои ги предаваат предметите англиски јазик, француски јазик или германски јазик.

Со пријавата кандидатите задолжително трба да ја достават следната документација:

- пријава со кратка биографија;
- уверение за државјанство;
- доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- диплома за завршено високо образование најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование од општествените дејности;
- доказ дека има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
- доказ дека има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик или сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или

германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, освен за наставниците кои ги предаваат предметите англиски јазик, француски јазик или германски јазик.

Кандидатите задолжително треба да достават Предлог-програма за работа и развој на Домот на културата.

Плата (нето): 58.771 денари.

Работни часови неделно: 40, работно време: од 7,00 до 15,00 часот, работни денови: од понеделник до петок.

Рокот за доставување на потребната документација изнесува 15 дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот оглас (не сметајќи го денот на објавувањето).

Потребните документи (со ознака за јавен оглас) да се достават по пошта на адреса Општина Гевгелија, ул. „Димитар Влахов“ бр. 4, Гевгелија или во архивата на општината од 8.00 часот до 16.00 часот. Документите да се доставaт во оригинал или копија заверена на нотар.

Некомплетираните и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Бр. 04-748/1
12.05.2026 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов**

с.р.